24573

ВЕЧЕР ★ 17 октомври 1978 година

4761/14

СРЕДБА СО ЛИКОВНИОТ УМЕТНИК МИОДРАГ НАГОРНИ

# ПОЗДРАВ НА ДАЛЕЧНИТЕ СВЕТОВИ

**● УМЕТНИКОТ Е ДОБИТНИК НА ВТОРАТА НАГРАДА НА ТРИЕНАЛЕТО НА СОВРЕМЕНАТА ЈУГОСЛОВЕНСКА ГРАФИКА ВО БИТОЛА**

БИТОЛА, 17 ОКТОМВРИ. — Првите три награди на годинашново, трето, Триенале на современата југословенска графика, отворено на 11 октомври во двата салона на Галеријата за современа југословенска графика „Моша Пијаде", ги освоија Богдан Борчич, Миодраг Нагорни и Хамид Тиквеша. Од сите нив, на свеченото отворање беше присутен **Миодраг Нагорни**, кој мошне љубезно се одзва да разговара за своите ликовни преокупации.

● Миодраг Нагорни е роден 1932 година во Власотинци. Академија за ликовна уметност завршил во Белград во 1958 година, а постдипломски студии во 1961. Самостојни изложби приредувал во **Белград, Загреб, Виена, Хамбург, Париз, Минхен, Љубљана** и низа други градови, а добитник е и на поголем број југословенски и меѓународни награди.

**— Наградата што ја добив во Битола ми е посебно драга. На битолското графичко триенале учествувам по трет пат. Сметам дека „Триеналето" реално ја одразува сегашната југословенска состојба во оваа гранка на уметноста. Тоа е на високо југословенско ниво и со ништо не заостанува зад било која друга меѓународна изложба од ваков вид. Сите современи движења се добро застапени и постои една рамнотежа на стиловите. Ме радува што Битола прави напори за развој на графиката и во таа смисла и натаму треба да се поддржува оваа манифестација.**

— Која е вашата основна порака во наградената творба „Поздрав на далечните светови"?

**— Јас сум уметник што се занимава со проблемите на создравањето на материјата. Што е живот, што е мртва природа? Длабоко во себе верувам дека постојат далечни светови и побрзав да ги поздравам. Лудост би било да се верува дека постоиме само ние. Животот е величествен и вреди човек да може да се роди неколкупати, за да се осознаат тие далечни светови. Во цел тој комплекс сè е во движење. Само некаде во јадрото е апсолутен мир. Тие движења, тој живот, тие светови се мои ликовни преокупации. По добивањето на оваа награда, ќе се потрудам во Битола, а можеби и некои други македонски градови, да отворам своја самостојна ликовна изложба.**

**П. Ставрев**